**ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1. Идентитет и контакт на податоците на Контролорот:**

Комора на психолози на Република Македонија
ул. „Лондонска“ бр. 19, лок.8, Т.Ц.Олимпико - 1000 Скопје, Република Македонија

Телефон: + 389 2 3074203

Е-маил адреса: komora.na.psiholozi@gmail.com

Веб страница: https://komoranapsiholozi.mk/

**2. Контакт податоци на офицер за заштита на личните податоци**

Соња Колеќеска Аргировска
е-маил адреса:sargirovska@yahoo.co.uk
Телефон: + 389 2 3074203

**3. Визија**

Комората на психолози на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора на психолози) како контролор на лични податоци посветува должно внимание на почитување на приватноста и заштитата на личните податоци. Во своето работење, Комората на психолози ги имплементира стандардите за заштита на личните податоци. Комората на психолози гарантира дека ќе ги заштитува Вашите лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци1 (во натамошниот текст: ЗЗЛП), подзаконските акти и интерните акти.

**4. Дефиниции**

Оваа Информација за обработката на личните податоци се заснова на термините што ги користи ЗЗЛП, па за полесно разбирање на термините опфатени со неа, ги претставуваме најважните дефиниции согласно ЗЗЛП.

**„Личен податок“** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

**„Обработка на личните податоци“** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

**„Збирка на лични податоци“** е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

**„Контролор“** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

**„Обработувач“** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.

**„Субјект на личните податоци„** е идентификувано или физичко лице кое може да се идентификува, чии лични податоци ги обработува контролорот одговорен за обработка на личните податоци.

**„Согласност“** на субјектот е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјава на волја, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци.

**„Корисник“** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка.

**„Посебни категории на лични податоци“** се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице.

**5. Начела на заштита на лични податоци**

Вработените и ангажирани лица кои вршат обработка на Вашите лични податоци како членови на Комората на психолози, имаат обврска да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци, и тоа:

**Законит, правичен и транспарентен начин на обработка на личните податоци**

Личните податоци на членовите се собираат и обработуваат законито, заради исполнување на обврски од Законот за вршење на психолошка дејност, Статутот на Комора на психолози, Правилник за издавање, обновување и одземање на лиценци за вршење на психолошка

дејност, Етички кодекс на психолозите, секако и сите останати прописи што во рамките на својата надлежност ги донесува Комората на психолози во вид на подзаконски акти.

**Ограничување на целта на обработката на личните податоци**

Личните податоци на членовите се обработуваат за цели утврдени со закон и не се предмет на натамошна обработка, за цели различни од првично дефинираните. Секоја потреба за нивно натамошно обработување ќе биде предмет на анализа и проценка на влијанието на обработката врз приватноста на субјектите на кои тие лични податоци се однесуваат.

**Ограничување на обемот на личните податоци**

Обработката на личните податоци е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за да се исполни целта на обработката. Обемот на личните податоци кои се потребни за исполнување на целите е дефиниран со законот и правилниците согласно кои личните податоци се обработуваат, како и со согласноста дадена од страна на членовите на Комората на психолози. Доколку се појави потреба за обработка на дополнителни податоци, Комората на психолози ќе го информира членот и онаму каде што е неопходно ќе ја побара неговата согласност за таа дополнителна обработка.

**Точност на личните податоци**

Комората на психолози планира и спроведува разумни мерки за потврдување на точноста, исправка и/или бришење на неточните или некомплетните лични податоци кои ги обработува во извршувањето на своите дејности. Покрај мерките кои ги презема Комората на психолози, секој член има право да побара исправка, измена или бришење на неговите лични податоци на лесен и едноставен начин. Комората на психолози има должност да: направи исправка на личните податоци во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето за исправка или од денот кога е констатирана неточност на личните податоци; да ги избрише податоците за кои субјектот барал бришење во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

**Ограничување на роковите на обработка на личните податоци**

По изминувањето на роковите односно по исполнување на целта за обработката, личните податоци се бришат од збирката на членови.

**Интегритет и доверливост на личните податоци**

Комората на психолози презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување на податоците. Пристапот до личните податоци е ограничен на лицата на кои им е издадено посебно овластување за обработка на лични податоци. Деталниот опис на технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци на Комората на психолози е прикажан во Политиката со опис на техничките и организациските мерки на информацискиот систем, која е прилог кон Политиката за системот на заштита на личните податоци на Комората на психолози.

**Отчетност**

Комората на психолози ја демонстрира усогласеноста со сите претходно наведени начела согласно новото начело на отчетност. Имено, Комората на психолози обезбедува докази и демонстрира дека се преземени сите потребни мерки за спроведување на начелата во пракса, односно дека има капацитет да ги исполнува законските барања.

**6. Цели за обработка на Вашите лични податоци**

Комората на психолози врши обработката на Вашите лични податоци во збирката на членови за цели на издавање на лиценца и регистрација на член во Регистарот на психолози.

**7. Правни основи за обработка на Вашите лични податоци**

Исполнување на законска обврска, согласно член 10 став (1) алинеја 3 од ЗЗЛП е правна основа за обработката на Вашите лични податоци, за водење на Регистарот на членови и за издавање на лиценци. Комората на психолози обработува лични податоци за психолозите и истите ги впишува во Регистарот на психолози што таа го води.

Комората на психолози издава, обновува и одзема Лиценца за вршење на психолошка дејност, како и води регистар на Лиценцирани членови.

И покрај тоа што обработката на Вашите лични податоци се врши заради исполнување на законска обврска, сепак, во одредени случаи, може да Ви се обратиме и да Ви побараме Ваша согласност со цел да ни дозволите да обработуваме одредени Ваши лични податоци, а притоа детално Ве информираме за целта за која истите ни се потребни. Вие немате обврска да дадете согласност, а доколку ја дадете согласноста може да ја повлечете во кое било време.

Комората на психолози целосно го почитува начелото на минимален обем на податоци и ги собира само оние податоци кои се потребни, релевантни и ограничени за исполнување на целта заради која се обработуваат.

**8. Пристап до Вашите лични податоци**

Пристап до Вашите лични податоци може да имаат:

• Вработените или ангажираните лица во Комората на психолози кои се овластени да пристапуваат до Вашите лични податоци, но само до степен потребен за извршување на работните задачи;

• Вработените или ангажирани лица кај обработувачите кои во име на Комората на психолози вршат обработка на личи податоци, врз основа на Договор за обработка на лични податоци;

• Секоја јавна институција на која Комората на психолози е обврзана да и ги достави Вашите лични податоци, како законска или договорна обврска;

• Во одредени исклучителни ситуации, заради исполнување на законска обврска, пристап до Вашите лични податоци може да имаат и судовите и други органи за спроведување на законот или регулаторни тела.

* Во својство на контролор на лични податоци, Комората на психолози дава лични податоци на обработувачи кои ги обработуваат личните податоци во негово име, при што Комората на

психолози ги обврзува обработувачите да ги исполнуваат обврските за заштита на податоци со Договор за обработка на лични податоци.

**9. Категории на лични податоци кои ги обработуваме за Вас**

За цели на издавање на лиценца и регистрација на член во Регистарот на психолози, Комората на психолози ги собира и обработува следните категории на лични податоци:

• Регистарски број на лиценца

• Име, татково име и презиме

• Пол

• Датум и место на раѓање

• ЕМБГ

• Адреса на живеалиште односно престојувалиште

• Државјанство

• Националност

• Податоци за завршено образование

• Податоци за положен стручен испит

• Податоци за специјализација и податоци за дополнително здобиени знаења

• Податоци за вработување и движење во службата

• Податоци за лиценца (број и датум на издадена, обновена, продолжена, одземена лиценца и потпис на лицето што ја подигнало лиценцата)

• Податоци за контакт (телефон, е-маил адреса)

Комората на психолози може да собира и обработува и дополнителни лични податоци, само врз основа на претходна согласност на субјектот, согласно членот 10 став (1) алинеја 1 од ЗЗЛП.

**10. Чување на Вашите лични податоци**

Вашите лични податоци ги обработуваме во согласност со одредбите на ЗЗЛП.

Вработените се обврзани да работат во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци, а и давателите на услуги имаат иста обврска, врз основа на договор за обработка на лични податоци. Секое лице кое има пристап до Вашите лични податоци, без разлика дали е вработено лице во Комората на психолози или е вработено лице во друштво ангажирано од страна на Комората на психолози како обработувач на лични податоци, е обврзано да ја заштитува тајноста на податоците и да постапува според упатствата на Комората на психолози во согласност со важечките законски прописи за заштита на личните податоци.

Само лицата кои се овластени од страна на Комората на психолози имаат право да пристапат до Вашите лични податоци, до степен потребен за извршување на нивните работни задачи или ангажман, а согласно издадените овластувања за вршење на обработка на личните податоци.

Секое овластено лице кое има пристап до Вашите лични податоци потпишува изјава со која се обврзува на тајност и заштита на личните податоци при нивната обработка. Притоа, се применуваат технички и организациски мерки за заштита на податоците од неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на сите нивоа на извршување на работите.

Обработката на податоците од страна на надворешното друштво, во име и за сметка на Комората на психолози (во случај на потреба) ќе биде регулирана со соодветен договор за обработка на лични податоци.

Ниту Комората на психолози, ниту давателите на услуги, нема да ги проследат Вашите податоци на користење на трети страни, освен ако за тоа има согласност од Ваша страна или постои законска обврска.

**11. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци**

Вашите лични податоци нема да бидат зачувани во форма и/или облик што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигне целта за која се собрани или обработувани.

Личните податоци кои се обработуваат за цели на издавање на лиценца и регистрација на член во Регистарот на психолози се чуваат до престанокот на членството во Комората на психолози.

По истекот на рокот за чување, личните податоци се бришат од информацискиот систем на Комората на психолози, односно се уништува хартиената документација.

**12. Кои се Вашите права**

Под одредени услови утврдени со закон, имате право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на Вашите лични податоци, право на приговор и право на повлекување на согласноста. Овие Ваши права произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

**Право на информирање (член 17 и 18 од ЗЗЛП)**

Имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни. Оваа Информација ќе Ви биде доставена на е-маил, а ќе биде објавена и на веб страницата на Комората на психолози.

Рок на постапување: Во моментот кога ќе отпочнеме со обработка на Вашите лични податоци

**Право на пристап (член 19 од ЗЗЛП)**

На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас.

Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци.

**Право на исправка (член 20 од ЗЗЛП)**

На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци.

Рок за постапување: 15 дена од денот на поднесување на барањето.

**Право на бришење (член 21 од ЗЗЛП)**

На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците: ако е исполнета целта заради која биле обработувани; ако сте ја повлекле согласноста за обработка; ако податоците биле незаконски обработувани; ако приговарате на обработката или заради почитување на законската обврска за бришење на податоците кога веќе не постои правна основа за обработка.

Рок на постапување: 30 дена од денот на поднесување на барањето.

**Право на ограничување на обработката (член 22 од ЗЗЛП)**

На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката на личните податоци: ако ја оспорувате точноста на личните податоци, во периодот додека не ја потврдиме нивната точност; ако сметате дека обработката е незаконита, но се спротивставувате на бришењето или ако податоците ви се потребни за остварување на правни барања.

Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци.

**Право на преносливост на податоците (член 24 од ЗЗЛП)**

На Ваше барање, ќе Ви ги пренесеме личните податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Ова право е применливо кога се врши обработка на лични податоци врз основа на согласност или договор и кога обработката се врши со автоматизирани средства.

Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци.

**Право на приговор (член 25 од ЗЗЛП)**

Ако правна основа за обработка на Вашите лични податоци е легитимен интерес на Комората на психолози, или ако обработката се врши за цели на научно истражување или статистички цели, Вие имате право да приговарате против конкретната обработка на податоци.

Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци.

**Право на повлекување на согласноста (член 11 од ЗЗЛП)**

Кога правна основа за обработка на Вашите лични податоци е согласноста, на Ваше барање ќе престанеме да вршиме нивна обработка. Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката која се вршела врз основа на согласноста пред отповикувањето.

Рок за постапување: веднаш.

За остварување на Вашите права, како и за прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, Ве молиме пополнете барање и упатете го до офицерот за заштита на лични податоци. Обрасците на барањата за остварување на права се достапни во деловните простории на Комората на психолози, но и кај офицерот за заштита на личните податоци.

## 13. Надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци

Агенцијата за заштита на личните податоци е надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија бул. „Гоце Делчев“ бр. 18 Скопје Телефон: 389 2 323 0635 Е-маил: info@privacy.mk

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на Комората на психолози, не е во согласност со одредбите на ЗЗЛП или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање пред Агенцијата за заштита на личните податоци, согласно член 97 од ЗЗЛП.